Тони Димков

СВЕТЛИНИ НА ВРЕМЕТО

Книгата е објавена со поддршка од:



Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

Едиција – „Плочка“

Главен уредник
Филип Димевски

Лектура
Виолета Караџовска-Стојанова

© Тони Димков, 2026
© Бегемот, 2026

Компјутерска обработка
Бегемот

Ликовно уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има БЕГЕМОТ ДООЕЛ – Скопје. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Тони Димков

СВЕТЛИНИ НА ВРЕМЕТО

ИНТЕРВЈУА И РАЗГОВОРИ

Скопје, 2026

Благодарност до
Слободен печат ДОО Скопје

Вовед

Неуморниот новинар Тони Димков во своето ново публицистичко дело со наслов „Светлини на времето“ го продолжува континуитетот на создавање збирки со своите авторски интервјуа како во претходните книги „Културен печат“ (2021), „Огледало на живата мисла“ (2022), „Рефлексии“ (2023) и „Збирно место“ (2025). Последниве седум години преку саботното издание на весникот „Слободен печат“, во кој редовно излегува прилогот за култура „Културен печат“, македонските читатели редовно добиваат детален и исцрпен увид во клучните случувања од доменот на сите уметности, а како особено драгоцени се издвојуваат интервјуата што Тони Димков ги води со стожерните протагонисти на културниот живот. Интервјуата се сместени во срцевината на „Културен печат“ и се основа на содржината на публицистичките книги на Димков.

Во книгата „Светлини на времето“ се сместени триесет интервјуа и 18 разговори (пократка форма на интервју) со еминентни книжевници, поети и писатели, актери, режисери и продуценти, сликари и скулптори, музичари и инструменталисти. Насловот на книгата индикативно упатува на значењето што соговорниците на Димков го имаат во културен и, уште позначајно, во општествен контекст во просторот и времето во кое живееме. Самиот автор истакнува дека за насловот на книгата бил инспириран од интервјуто со писателот Венко Андоновски за романот „Папокот на светлината“, со кое ја отвора оваа публицистичка книга. Понатаму се редат интервјуа со низа значајни личности во културниот и јавниот живот во државата, меѓу кои се Илинденка Петрушева, Оливер Белопета, Газанфер Бајрам, Адем Карага, Весна Ацевска, Милан Јазбец, Ќендрим Ријани, Дарија Андовска, Димитрие Дурацовски... навистина станува збор за широка палета на луѓе и личности, професии и уметности, творештва и вредности што се собрани под насловот „Светлини на времето“.

Ана Јовковска,
научен истражувач на
Институтот за македонска литература
при УКИМ

ИНТЕРВЈУА



Творечки лавиринти – Венко Андоновски, писател

Светот не е на добар пат, што се однесува до злото

Дестинација • Новиот роман „Папокот на светлината“ од Венко Андоновски, во издание на Издавачки центар „Три“, ќе ја открие крајната дестинација на ликот Јан Лудвик од „Папокот на светот“.

Разговорите со Венко Андоновски секогаш водат кон длабоката суштина на светот во кој живееме. Неговите опсервации не се задржуваат само на појавното, туку трагаат по изворот и на доброто и на злото. Како романсиер, драмски писател, филмски сценарист, книжевен критичар, теоретичар на литературата и културата, одлично владее со повеќе жанрови и, што е најважно, лесно го освојува вниманието на читателот. Таков е случајот и со неговиот најнов роман со наслов „Папокот на светлината", кој е повод за овој разговор.

Дури и највнимателно читање на насловот „Папокот на светлината" во мислите одзвонува како да сте прочитале „Папокот на светот". Дали, во суштина, станува збор за продолжување на Вашето најнаградувано дело објавено пред 22 години?

– Поточно е да се каже дека „Папокот на светлината" е крај, кода на „Папокот на светот". „Папокот на светот" остана незавршен роман, а тоа малку кој го забележа. Таму, главниот лик беше избркан од светот, затоа што проба да го менува со авангардни сфаќања. Најде азил во еден патувачки циркус. Овој пат, главниот лик се спасува од агресивниот нов свет што личи на циркус. Со ужас сфаќа дека оној циркус од „Папокот на светот", за дваесет години, се претворил од циркус во бестијариум: светот е навистина опасно место во кое сме фрлени, зашто, како што вели еден лик од мојот роман: „И виде Господ дека меѓу луѓето сè почесто се раѓаат животни и се растажи многу". Обично, на студентите, кога им предаваме наратологија, им велиме дека универзалната длабинска структура на романот секогаш е една иста пропозиција: „Х го гледа У", при што Х е субјектот, а У светот. Во „Папокот на светот" таа пропозиција гласеше „Х го менува светот", од што произлезе „Х е прогонет". Во новиот роман таа гласи „У го напаѓа Х", од што произлегува „Х мора да се спасува од У". Затоа и ликот завршува на Света Гора, барајќи повторно азил. Во „Папокот на светот" злото беше само насетено како состојка на светот, овде се дава цела една анатомија и историја на злото, за спасување од него.

Новиот роман „Папокот на светлината" го почнувате со писание што во мислите повлекува уште поназад, кон „Азбука за непослушните" (1994) и времето на светите браќа Кирил и Методиј. Што е тоа што Ве влече кон средниот век?

– Неговата јасна претстава за злото и за доброто. Нашиот век ги избриша границите меѓу сите спротивставени вредности. Денес, без никаква морална одговорност или гризење на совеста, злото може да се претставува како добро, доброто како зло, вистината како лага и лагата како вистина. Средниот век е век на писмото, писмото е Логос и светлина, и сè што во тој век не му припаѓа на писмото, ѝ припаѓа на темнината, на злото. Ние целосно погрешно го именуваме тој век како „мрачен среден век". Тоа е токму век во кој постои јасна разграниченост меѓу темнината и светлината, меѓу доброто и злото. Затоа во тој век се јавуваат и првите антропоморфни материјализации на злото: на фреските често ќе го видите ѓаволот како си ги лади нозете во

пеколот во кој вријат душите што ги завел: тој е целосно материјализиран како човек (со опашка и рогови). Нашиот век, пак, го раствори материјализираното зло како сол во вода и го направи невидливо и анонимно, а потоа го пушти тој солен раствор да навлегува капиларно во сите наши општествени дискурзивни практики. Злото денес е насекаде (благодарејќи им на медиумите) и затоа не го гледаме. И не знаејќи каде е денес злото, покажуваме едни на други. Нашиот свет веќе нè означува со икона, метафора, симбол. Тој се служи само со знаци – индекси: покажува. Покажуваме со прст едни на други. Ама кажано е: кој покаже со прст на некого и го обвини, со другите девет покажува на себе.

Светот не е на добар пат, што се однесува до злото. Затоа го сакам средниот век. Прави основни етички дистинкции. Ние денес, користејќи еден „учен", суетен збор – деконструкција, ги разнишавме и ги релативизиравме сите идентитети наследени од средниот век и од ренесансата. А тоа не смее да се случи со неколку клучни столба на човештвото, што ние погрешно ги викаме идентитети: столб и идентитет не е исто. Земете ја за пример архитектурата. Градбата ја држат столбови, не ја држи идентитетот: без разлика дали градбата е според идентитет училиште, болница или црква, таа ќе опстане само ако има столбови. Затоа, не смее да се поништи разликата меѓу столбовите на доброто и злото, машкото и женското, срамното и бесрамното, невиното и грешното, природното и неприродното. Тоа се вредносните оски на овој свет, кои сега се уништуваат: нашиот век е пресметка не со „мрачниот среден век" и неговата темнина, туку со неговата светлина и јасност, изјаснетост. Човештвото полека навлегува во мрачен интелектуален век, за кој средновековието ќе биде раскошна ренесанса.

Сепак, во романот се преплетуваат повеќе времиња, и минато и сегашно, и архаично и современо. Се појавува и Јан Лудвик, овој пат како писател во расчекор помеѓу Балканот и Западот. Дали е тоа истиот Јан Лудвик од „Папокот на светот"?

– Да, истиот е, само сега е славен писател, кој во еден ден губи сè што имал: слава, углед, пари, работно место, љубов и брак, од идеолошки, но и од приватни причини, за кои самиот е виновен, зашто бил заслепен од својата суета. И се повлекува во анонимност, во една слепа точка, мала паланка, каде што се вработува како „рампаш": негова задача е само да ја крева и да ја спушта рампата кога минуваат возови, а живее најскромно во мала железничарска куќичка од девет квадрати. Но, побеснетиот и острастен свет ќе му затропа и на таа врата, да му ги земе и тие последни девет квадрати. Тој ќе ги брани, по што уште ќе биде изведен на суд, и конечно ќе се најде на Света Гора. Овој Јан Лудвик е дваесет години позрел. Нему му е сега јасно дека човековото суштество може без храна петнаесет дена, без вода седум, ама без смисла не може ниту еден единствен миг. И јасно му е дека светот прави сè секој од нас да се обесмисли, да ја изгуби смислата, а кога смислата се губи, станува сеедно дали правиш добро или зло.

Тој знае дека порано луѓето убиваа луѓе ако имаат пари; сега доаѓа време кога луѓето сè повеќе ќе ги убиваат не оние што имаат пари, туку оние што ја нашле смислата. И тој писателски расчекор за кој говорите меѓу Балканот и Западот е токму расчекор во смислата. За Западот светот е бесмислен, и треба да му се инјектира смисла однадвор, од човекот, од револуциите и демократските системи. За Ориентот смислата постои априори, и треба да се открие: таа е љубов, светлина и Бог. Така не мислат западните постмодерни мислители, за кои дури ни вистината не постои априори: велат дека таа се произведува во моментот кога ќе почне дискурсот, беседата. Со тоа е отворен патот за лажење преку писмото и означувањето.

Два клучни термини спомнувате веќе на почетокот на новиот роман – свест и светлина. Вториот го употребувате и во насловот. Со каква цел?

– Па реков веќе: тоа се две нешта (свест и светлина) што парадоксално, најмногу му требаат на нашиот век, кој се декларира и како најсвесен и како најосветлен век досега. Погледнете ја „свеста“: „загриженоста“ на врвни политички лидери за климатските промени, додека трупаат капитал во неконтролираниот неолиберализам токму со загадување. Или: погледнете околу себе, колку многу светлина: живееме во свет на ЛЕД-светилки и неонски реклами на светски брендови. Па, сепак, живееме во темнина. Не можам да се согласам дека нашиот свет е свет на светлината и свеста, сè додека по весниците читам дека за операцијата на болно дете се бараат половина милион евра. Тоа е радикална анималност, тоа нема врска со хуманизам: со што ќе го оперираат тоа дете, со дијаманти, паладиум и злато, тоа ли ќе му вградуваат па толку чини неговиот живот? Живееме во свет што е претворен во една огромна морална касапница, во која не само што на телата (особено женските), туку веќе и на нашите души им е залепена цена.

Минатиот месец во Кинотеката беа одбележани 15 години од премиерата на „Превртено“ во режија на Игор Иванов, филм снимен по Ваше сценарио. Оттогаш немало друг обид за Ваше филмско сценарио. Зошто?

– Ќе се воздржам од коментар. Јас и Антонио Митриќески, токму кога се менуваше власта, понудивме сценарио за филм за Цар Самуил. Беше одбиено без образложение. Набргу потоа почнаа преговорите со Бугарија околу „споделената историја“, па ни стана јасно дека тематски сме стапнале на мина во време кога не требало. Потоа направив уште едно сценарио, според мојата хит-комедија „За секого има по една“. И тоа не помина. Не вреди да се трошат зборови на тоа: филмските работници нека си ги решат нивните проблеми и клановско-идеолошките поделби. Јас сум писател. И знам дека не е точно дека ме одбиваат поради „слабо“ или „недоработено“ сценарио. Сум знаел да пишувам пред 15 години, а сега – не? Сум заборавил?

Поминаа и речиси десетина години од Вашиот претходен роман. Долго време треба-

ше да ферментира содржината на новиот роман или, пак, инспирацијата не треба да се тривијализира и да подлегне на инстант-времето во кое живееме?

– Го кажавте ова како да било забележано во нашата книжевност. Никој и не забележа дека ме нема. Така и треба да биде: одлично е што за тие десет години се јавија млади и нови имиња. Некои од нив имаат раскошен талент и се веќе зрели писатели. Некои имитираат шаблони, но убеден сум дека ќе излезат од тоа. Се јави повторно бран, а тоа е добро: ќе има и исклучителни персоналитети, кога бранот ќе стивне и кога секој ќе мора да се соочи со себе како писател: да се праша кој сум јас и по што се разликувам од генерацијата, од другите, од модата, од клишето? Верувам во неколкумина млади автори.

Немав роман десетина години, затоа што немав што да кажам во романескна форма. Напишав една книга раскази за тоа време, четири драми, од кои две се неизведени. И доста размислував, за себе, за светот и за романот. За мене романот е жива органска форма, која постојано еволуира, со која треба да се експериментира и која не може точно да се дефинира. Дури, мислам дека секој романсиер, со секој новонапишан роман дава своја сопствена дефиниција на овој жанр. На пример, во овој роман јас експериментирам и интермедијално (или поточно – интердискурзивно): некои најдраматични сцени од романот се напишани во форма на филмски скрипт. Читателот, од кого секогаш сум барал активно учество, овој пат треба да стане на места и режисер. Убаво е да се тестираат границите на романот, да се види до каде може да се „растегнува" тој како жанр, а да остане роман. И се разбира, за мене романот не е роман ако нема есеј и мудрости. Тоа не значи дека не ги почитувам другите романсиери, кои не мислат така. Некој го сфаќа романот како германски фудбал: брза игра и ефектен гол. Не ми пречат тие романи, ги читам и јас. Но јас повеќе сакам да играм со топката на јазикот, да „дриблам", како што велат фудбалерите. Романот за мене не е само приказна, туку величествен означителски настан, смрт во обичниот и воскресение во небесниот јазик.

Многу мудрост, филозофија, теологија, самоспознавање, свест за времето во кое живееме носи содржината на „Папокот на светлината". Има ли граница, дистанца, помеѓу писателот и професор Венко Андоновски и човекот Венко Андоновски?

– Имаше. Сега сè повеќе се брише. Таа семиотичка шизофренија („за јавноста тој е еден човек, а дома друг") треба секој од нас да ја избрише. Не може јавно да бидеш суетен потплатен новинар што сее лаги, а дома вистинољубив и скромен родител. Постои едно сушто во секој човек, не постојат две. Она што постои на две места (во општеството и „приватно") очигледно не е едно исто нешто, туку две нешта. И додека суштото е подвоено, ќе нема смирение. Ќе има само болни и шизоидни амбиции, анимално освојување територии во општеството. И додека таквиот човек освојува, на смиреният самото му доаѓа она што му треба. Но, тој не зема сè. За разлика од

знаењето, кое е акумулација и глад „за уште и уште“ (знаењето им прилега на младите), мудроста се дефинира како ослободување од непотребното и задржување на најбитното. Таа им доликува на зрелите. „Сè ми е дозволено, ама дали ми е сè потребно“, се прашуваат старците на Света Гора, каде што го водам мојот лик во третиот дел од овој роман, за конечно да ја пронајде светлината во себе, не надвор од себе. Прв знак дека човек ја нашол смислата, дека станал мудар, е кога ќе почне да се ослободува од непотребното во јазикот. Тогаш кога ќе почне да користи едноставни, прости и строги зборови, како Конески. На пример, нема да вели „дисеминација“, туку расејување, нема да вели „структурирање“, туку „устројување“...

Во суштина, каде го наоѓате својот вистински дом во овој крајно материјализиран и дигитализиран современ свет, во кој духовното и световното се во огромен расчекор?

– Во Словото и во лепословието што го сочинувам. И се разбира, во семејството и домот, кои за мене се манастир. Надвор е светот, и веќе не ме интересира каде е папокот на светот, и што треба човек да стори за да седне на престолот на светот. Тоа им го оставам на амбициозните. Внатре, во домот е светлината, и мене ме интересира само нејзиниот папок: смислата. Кој неа ја има, се спасил уште пред да настрада.

(Интервјуто е објавено во „Културен печат“ број 156, во печатеното издание на весникот „Слободен печат“ на 26-27 ноември 2022)